Од:

Татјана Стојановска

[redacted]

[redacted]

Емаил:[redacted]

До:

Државен инспекторат за градежништво и урбанизам

Ул. Бул: „Гоце Делчев“ бр.18, 1000 Скопје

**Предмет: Претставка за констатирање за немање лиценциран овластен градежен инспектор во општина Карпош и достава на предлог до министерот за транспорт и врски за добивање на овластување за вршење на работите од надлежност на овластен градежен инспектор**

Почитувани,

Општина Карпош подолго време е без лиценциран овластен градежен инспектор.

Општина Карпош од јули 2019 година е без сопствен овластен градежен инспектор со лиценца. Во периодот од јули 2019 до крај на октомври 2021, општината преку договор за меѓуопштинска соработка делеше со општина Аеродром еден градежен инспектор за пола работно време.

Последниве три месеци нема воопшто лиценциран овластен градежен инспектор и најавено е дека ќе биде така барем до јуни годинава, кога вработен во општината, градежен инспектор под менторство, ќе се стекнел со услови за добивање на лиценца.

Согласно член 144 од Законот за градење, бараме од вас итно да констатирате дека општината нема овластен градежен инспектор со лиценца и да доставите предлог до министерот за транспорт и врски за добивање на овластување за вршење на работите од надлежност на овластен градежен инспектор во општина Карпош.

Со почит,

Татјана Стојановска

Член на Советот на општина Карпош

2.2.2022, Скопје